Бр./Nr 12-2827/3
20 -11- 2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-тата седница одржана на 12.11.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по пријавата со број 12-2827/1 од 21.10.2025 година, против службеното лице ---------, декан на ------- „---------" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, **СЕ ЗАПИРА**, поради тоа што пријавата не укажува на постапување спротивно на забраните од членот 8-а од Изборниот законик.

Предметот со број 12-2827/1 од 21.10.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 21.10.2025 година од страна на непознат подносител е доставена пријава за наводно постапување спротивно на забраните од членот 8-а од Изборниот законик, од страна на деканот на --------„------" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, --------. Имено, подносителот во пријавата наведува дека пријавениот свикал седница на Наставно-научниот Совет на ---------- и на ден 01.10.2025 година бил извршен избор на ----- во наставно-научно звање доцент, со што смета дека е прекршен Изборниот законик.

Државната комисија по разгледување на пријавата, констатира дека истата не укажува на постапување спротивно на забраните од членот 8-а од Изборниот Законик.

Имено, посочената одредба од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, забранува да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Постапката за избор на доцент е уредена со Законот за високо образование („Службен весник на РСМ" бр.82/18, 178/21 и 58/24) и со Статутот на ------ „------" – Скопје, објавен во Униеритетски гласник од ----- октомври ---- година. Имено, согласно со член 110 став 1 алинеа 8 од Законот за високо образование, Наставно-научниот Совет избира доцент. Постапката за избор и разрешување на доцент, поблиску се уредуваат со статутот на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот. Со членот 58 став 8 од Статутот на ------- „------" – Скопје е определено дека (1) Наставно-Научниот Совет, врши избор во наставно-научно звање доцент.

Врз основа на наведеното, ДКСК констатира дека во конкретниот случај не станува збор за постапување спротивно на забраните од членот 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик, поради тоа што не се работи за постапка за вработување на ново лице, туку за постапка за избор во наставно-научно звање доцент од страна на Наставно - научниот совет на факултетот, а притоа изборот се врши од редот на постојните вработени на факултетот во соработничко звање асистент .

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut